Карпошин

Октомври - Ноември 2020 | Бр. 91 - 92 | Година 11

НИКОЛА РИСТАНОВСКИ:
ТЕАТАРОТ Е КАКО И ЖИВОТОТ, А ЖИВОТОТ МОРА ДА ИДЕ НАТАМУ

КАРПОШ ГИ
СТИПЕНДИРА УСПЕШНИТЕ

МОВЕМБЕР ИЛИ
СПАСОНОСНИТЕ
МУСТАЌИ

НОВА ВОДОВОДНА И ФЕКАЛНА МРЕЖА ЗА 77 ДОМАЌИНСТВА ВО ТАФТАЛИЦЕ 1

Во завршна фаза е изведбата на фекална и водоводна мрежа на улицата „Варшавска“ во Тафталиџе 1, од кружниот тек на улицата „Париска“ кон улицата „Лондонска“. Со надградба на инфраструктурата се обезбедува приклучок на постоечките и новоизградените објекти на новата водоводна и фекална мрежа.

Екипите на ЈП „Водовод и канализација“ работат на враќање на теренот во првобитна состојба. Имено, средишниот дел од улицата е веќе асфалтиран (каде што се наоѓа фекалната канализација) и останува уште страничниот дел (водоводната мрежа). Овој дел наскоро треба да се асфалтира, откако сите домаќинства ќе се приклучат на водоводната мрежа.

На теренски увид беа градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев и директорот на ЈП „Водовод и канализација“, Душко Весковски.

- Ова е потег којшто изминатите години беше најпогоден од агресивната и непланска урбанизација. Беа изградени повеќе објекти, кои придонесоа и за нови комунални проблеми. Како локална самоуправа правиме напор да се санира штетата и да обезбедиме колку што е можно подобро живеење и во овие населби, рече Богоев.

Весковски се осврна на фактот дека со оваа инвестиција се обезбедува подобро водоснабдување и канализациона мрежа за вкупно 77 домаќинства.

Инвестицијата е во вредност од околу 20 милиони денари.

ОПШТИНА КАРПОШ

Весник на
локалната самоуправа

Издава Општина Карпош
ул. Радика бр. 9
тел.: 02 | 30.55.901
02 | 30.55.902
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки Совет
Стефан Богоев
Душко Бужаровски
Филип Даскаловски

Редакција
Димитар Караташев
Игор Ѓуровски
Мила Гавриловска
Ива Зафировска
Благојче Атанасоски
Ивана Пендовска-Вукашиновиќ
Бранко Петров

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Заменик-уредник
Игор Ѓуровски
igor.gjurovski@karpos.gov.mk

Одговорен за Фотографија
Игор Ѓуровски

Фотографија
Игор Ѓуровски
Ива Зафировска
Бојан Секулоски

Лектор
Ангелина Николовска

Технички уредник | Графички дизајн
STEFChou

Печатница: Европа 92
Тираж: 20.000 примероци

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

ISSN 2545-482X

Во овој број ќе читате...

4 **РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ГЛАВНИОТ КОНАК** НА СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН ВО ГОРНО НЕРЕЗИ

6 Тема на бројот:
44. години Карпош: **РОДЕНДЕНОТ ГО ПОСВЕТУВАМЕ НА ЗДРАСТВЕНИТЕ ХЕРОИ**

14 **РЕБАЛАНС НА БУЏЕТОТ** - ПОВЕЌЕ ПАРИ ЗА ХИГИЕНА

16 Интервју:
НИКОЛА РИСТАНОВСКИ: **ТЕАТАРОТ Е КАКО И ЖИВОТОТ,** А ЖИВОТОТ МОРА ДА ОДИ ПОНАТАМУ

20 **РОЗОВАТА ПАНДЕЛКА** НА ОКТОМВРИ

22 **МОВЕМБЕР** ИЛИ СПАСОНОСНИТЕ МУСТАЌИ

24 **КАРПОШ ГИ НАГРАДИ НАЈДОБРИТЕ** УЧИЛИШНИ ЛИКОВНИ И ЛИТЕРАТУРНИ ТВОРЦИ

30 Млади и спорт:
КАРПОШ ГИ СТИПЕНДИРА УСПЕШНИТЕ

36 Гастронаути:
НЕКТАРОТ НА БОГОВИТЕ ВО ЗЕМЈАТА НА СОНЦЕТО

38 Бизнис катче:
ЧЕВЛАРСТВОТО - ПОЛОВИНА ВЕК СЕМЕЕН ЗАНАЕТ

42 Здравје:
ДР СНЕЖАНА АНДРЕВСКА: **КАТАРАКТА** – ВОДЕЧКА ПРИЧИНА ЗА ГУБЕЊЕ НА ВИДОТ

ЗАПОЧНА **РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ГЛАВНИОТ КОНАК НА СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН** ВО ГОРНО НЕРЕЗИ

Општина Карпош вложува максимални напори за зачувување на културно историското наследство, на спомениците и сакралните објекти на својата територија. Еден таков исклучително значаен објект е и манастирот Свети Пантелејмон во Горно Нерези. Локалната самоуправа со обезбеден грант успеа да го спаси овој, речиси милениумски храм кој со децении е под удар на времето. Во него неодамна започнаа реставраторските и конзерваторски работи на главниот конак во манастирскиот комплекс на Свети Пантелејмон.

За оваа инвестиција, локалната самоуправа аплицираше и доби средства во износ од шест милиони денари од Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој, а потоа преку јавен повик избра квалификуван изведувач на реставраторските работи во конакот.

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев при посетата на овој комплекс кој влезе во фаза на реставрација ги објасни сите активности кои се преземаат и ќе се извршат за време на реконструкцијата:

- Станува збор за обнова на столаријата и внатрешно уредување на главниот конак. Имено, се реконтструираат подот, тоалетите, се заменуваат прозорците, а се поставува и нов систем за противпожарна заштита и нова електрична инсталација. На овој начин го враќаме автентичниот изглед на главниот конак, кој со години делуваше запуштено и неуредно, рече Богоев.

Инаку овој религиозен храм кој има непроценлива историска вредност е значаен и од аспект на културно-историскиот, но и верски туризам на општината и градот, зашто тука секојдневно минуваат голем број на посетители од земјата и странство. Затоа особено важно е да ги одржуваме овие комплекси, а реконструкциите да бидат во духот на одржување на автентичноста и уникатноста, рече Богоев.

@sbogoev | @stefanbogoev | Stefan Bogoev | gradonacalnik@karpos.gov.mk

Веќе сме во последниот месец од 2020 година. Брзо помина, а уште побрзо се надевам ќе ја заборавиме. Светската пандемија буквално ги окупира нашите животи. Колку и да сакаме да не мислиме на истата, за момент да одмориме, не можеме. Секој од нас, во своето опкружување има познаник, близок кој е заболен или прележал Ковид – 19. Затоа е тешко да се апстрахираме од ралноста. Но и не треба. Добро е да помогнеме и да дадеме поддршка на секој еден кој се бори со вирусот. Тоа е солидарност, емпатија и одговорност.

Овој период од годината, веќе неколку години наназад, главна тема е новогодишното украсување. Уште пред пандемијата, постоеја размислувања дали овие средства се трошат правилно и продуктивно. И ние како Општина Карпош прилично размислувавме. Сепак, имајќи го предвид периодот, зголемената депресија кај граѓаните, се одлучивме симболично да украсиме пофреквентни локации. Иако имавме буџет од два милиони денари за украсување за 2020 година, 600 илјади денари одвојуваме за украсување, а 1.400.000 денари за набавка на прочистувачи за воздух. Само за потсетување, во минатото се трошеле повеќе од седум милиони денари за оваа намена. Секое дете, родител, повозрасен наш сограѓанин има право да ја почувствува новогодишната атмосфера, но има право и на поздрава животна средина.

Изминатиов период, во текот на викендите често пешачам на Водно. Воздухот е почист, природата во овој период е исклучителна, а и убаво е кога за момент се отргнуваш од „урбаната“ гужва и работното опкружување. Ако е нешто добро од пандемијава, тоа е фактот што физички сме поактивни. :) Посетете го Водно, а можете да направите и куса прошетка до манастирскиот комплекс Свети Пантелејмон. Таму, Општина Карпош прави реконструкција на главниот конак. После повеќе години, се враќа неговата примарна функција.

Започнавме со нова рубрика на социјалните мрежи именувана како „Збор, два“. Станува збор за кратки видео - разговори со истакнати наши сограѓани, но и ликови од секојдневието. Првиот разговор ни беше со професорот Методи Чепреганов, а вториот со директорот на Кинотека, Владимир Ангелов. Двајцата се прилично активни во ек на пандемијата. Професорот со совети за заштита на менталното здравје, а Кинотеката организираше кино – проекции на отворено, со што и во ек на пандемија овозможија културен живот. Овие разговори, од следниот број ќе бидат прилагодени и за Карпош ИН, а во оригинален формат можете да ги видите на социјалните мрежи (Facebook, Twitter, Instagram).

Сите мислевме дека пандемијата ќе трае пократко, дека ќе искористиме период за одмор и ќе се вратиме на старите навики. Но, коронава ги надмина сите наши очекувања. Не исцрпи, ни украде една година, но мора да издржиме! Да ги почитуваме мерките и да истраеме. Секој да си најде свое прибежиште: читајте книги, спортувајте (на отворено), украсете по дома.

Чувајте се мои карпошани.

Стефан Богоев

44 ГОДИНИ ОПШТИНА КАРПОШ

РОДЕНДЕНОТ ГО ПОСВЕТУВАМЕ НА **ЗДРАСТВЕНИТЕ ХЕРОИ**

Пишува: **Димитар Караташев**

Со свечена седница, со повеќе хуманитарни и еколошки активности, но пред се со сенс, осет за новото време, за новата актуелност, Општина Карпош го прослави својот роденден - 44 години од постоењето.

Минатото е доказ каде сме биле, што сме сториле во изминатиот период, и до каде сме стасале. Иднината се убавите планови и желби за напредок и изградба на здрава урбана средина, благопријатна и пожелна за сите граѓани.

Но, сегашноста, годината која ја живееме, е вистинскиот предизвик во кој на тест сме ставени сите. И локалната самоуправа, и граѓаните и сите чинители од кои ни зависи опстанокот и квалитетот на живеење.

Ние одлучивме: Во услови на пандемија, светска здравствена криза, предизвик со кој се соочуваме речиси десет месеци, решивме дека почесните ловорики за 44 роденден го заслужуваат „тивките борци“ од првите борбени редови-здравствените работници. Ним им ја изразуваме сета почит и чест. Сета благодарност и поддршка. Ним им се поклонуваме. Токму поттикнати од моментот кој е судбински определен, нашиот годинашен лауреат, како заслужен граѓанин на Карпош ја избравме Јорда Манасиеска, медицинска сестра од Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби.

Не „славна“ карпошанка, туку од оние најистрајни и најпожртвуваните борци со заразата. Овие тивки и големи јунаци мора да излезат на површината, да заблескаат макар и на час. Оттаму, првиот човек на општина Карпош градоначалникот Стефан Богоев изјави:

- Карпош го посветува 44. роденден на здравствените работници. Искрено, не размислувавме долго од која област треба да биде заслужниот граѓанин. Бевме силно убедени дека треба да дадеме признание на „дискретните“ херои. На медицинскиот кадар од првата борбена линија. На работниците кои не се толку експонирани во јавноста, а секојдневно спасуваат животи. Преку ликот на Јорда Манасиеска, и јас лично, но и Општина Карпош се заблагодарува на сите доктори, медицински сестри, лаборанти и био – хемичари, радиолошки технолози, хигиеничари... Сите кои се во првата линија на фронтот во борбата против КОВИД – 19, рече Богоев.

- Од мојот покоен другар, а ваш колега, **Трајче Нешковски**, често пати бев информиран за борбата која ја водите вие, здравствените работници. За тоа дека сте уморни, но нема да застанете. Дека сте лути кого не се води сметка за колективното здравје и кога не се почитуваат мерките. Но, сакаме, како локална заедница да бидеме пример и да сееме емпатија, солидарност и одговорност, а не стигматизација и осуда!

Инаку, општина Карпош за 44. години од своето формирање, според сите пропишани протоколи, организираше настан на отворено, на Спортско – рекреативниот центар „Лазо Трповски“ (Карпош 3), во рамки на кој беа доделени наградите на најдобрите ученици на конкурсот за пишување и цртање, а беше врачено и признанието на заслужниот граѓанин за 2020, Јорда Манасиеска, одделенска медицинска сестра на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби.

Пред членовите на Советот и општинската администрација, градоначалникот Стефан Богоев ги посочи активностите кои локалната самоуправа ги спроведе во пресрет на 3. ноември. Преку дарување на крв, раззеленување на околината, бришење на натписи со говор на омраза, како и со подготовка на 80 социјални пакети за најзагрозените, сакаме да ја истакнеме смислата на нашето постоење.

Пригодно се обрати и претседателот на Советот на Општина Карпош, Андреј Манолев кој се осврна на работата на Советот и пандемијата во ек на светската пандемија.

- Преку онлајн платформа се одвиваат и седниците на комисиите при Советот на општина Карпош. Притоа имаме квалитетни дискусии и детално разгледување на сите доспеани материјали и предлози пред тие конечно да бидат одобрени. Морам да се заблагодарам и на општинската администрација, која и покрај пандемијата и видно „разретчените редови“, одговорно ги извршува своите задачи. Во изминатиот период се реализирани и поголем дел од усвоените програми за работа на Општината за оваа година, така што успеваме да го одржиме чекорот во работењето – напомена Манолев.

Овој пат исчекор во времевреме. Но, само обединети во криза и со заемна почит, заеднички ќе го совладаме предизвикот.

РАЗГОВОР СО ЈОРДА МАНАСИЕСКА | ЗАСЛУЖЕН ГРАЃАНИН НА КАРПОШ ЗА 2020

УМОРНИ СМЕ, СЕ БОРИМЕ И СОРАБОТУВАЈТЕ!

Пишува: **Димитар Караташев**

Оваа година, Општина Карпош одлучи својот ден, 03. ноември – Денот на основањето на локалната самоуправа да го посвети на здравствените работници, на оние кои се во првите борбени линии и ги лекуваат нашите сограѓани од Ковид – 19.

Токму затоа, за заслужен граѓанин ја номинираме Јорда Манасиеска, медицинска сестра од ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби.

Со Јорда зборуваме во маалскиот парк, во Карпош 1, на улицата „Иван Аговски“, во чија близина е и нејзиното живеалиште. Со воочлив замор во нејзините очи зборуваше за борбата која ја водат здравствените работници. ***„Денонокно работиме, уморни сме и затоа повикуваме на одговорност и почитување на мерките: носете маска, држете дистанца, не се групирајте и вршете честа дезинфекција на рацете“***, зборуваше Манасиеска. Додека го правевме разговорот, таа апелираше и до група на луѓе, кои во маалскиот парк играа шах, не држеа дистанца и не носеа маски, со што искрено се забележа нејзиниот револт, но и порив за борба со коронавирусот.

Со Јорда зборуваме и за текот на целата пандемија. За тоа како стигнавме до високи бројки на заболени лица. Очигледно е дека не сите целосно се придржувале до мерките. Општина Карпош е една од општините со најголем број на заболени лица. Според нејзе, не можеме општините да ги категоризираме на заедници поподложни или помалку подложни на вирусот. Урбаните средини, онаму каде што живеат поголем број на граѓани, очекувано е да имаат и поголем број на лица позитивни на вирусот, но сепак, мора да внимаваме. ***„Младите луѓе, во поурбаните општини се најчесто асимптоматски (без симптоми), но лесни преносители на вирусот. Затоа ги повикувам сите млади, да не се групираат, да мислат на здравјето на своите родители, баби и дедовци и да ги заштитат истите од Ковид – 19“***, вели Манасиеска.

На Денот на основањето на Општина Карпош, 3-ти Ноември, градоначалникот Стефан Богоев и врачи плакета на почитуваната медицинска сестра. Во името на сите граѓани на Карпош, Богоев се заблагодари на Манасиеска за

вложениот труд, енергија и време. Затоа што преку ликот на Јорда, Карпош се заблагодарува на сите здравствени работници.

„Ова признание ќе има посебно место во мојата кариера. Ќе ме потсетува на еден период кога светот доживеа блокада, а ние, здравствените работници не можевме да чекаме туку се прилагодувавме на новата реалност и уште поинтензивно работевме“, истакна Јорда.

Таа, многу искрено и спонтано ни посочува дека во животот имала многу малку јавни настапи, но со гордост решила да го прифати ова признание од нејзината општина:

„Кога дознав дека Општина Карпош и градоначалникот имаат намера да ме номинираат за заслужен граѓанин малку се подзамислив. Искрено, се изненадив и бев најдена во „небрано“...

Се одлучив да прифатам. Затоа што оваа благодарница, плакета која ја добивам денес ја споделувам со сите мои колеги, со сите медицински сестри, доктори и болничари, биохемичари со кои периодов денонокно работиме. Искрено, среќна сум што некој го вреднува трудот, на нас поанонимните здравствени работници. Ова признание ќе има посебно место во мојата кариера“, ни посочи Јорда.

Локалната самоуправа и во претстојниот период продолжува со активностите за подигнување на јавната свест за почитување на мерките од Ковид – 19. Ова е период кој бара одговорност од сите нас.

Затоа ве повикуваме вас, читателите, постојано да водите сметка и грижа за своето здравје. Но, и да апелирате до вашите блиски: да носат маска, да држат дистанца, да не се групираат и да вршат дезинфекција.

80 ПАКЕТИ ЗА СОЦИЈАЛНО–ЗАГРОЗЕНИТЕ ДОМАЌИНСТВА

Во рамки на Денот на Општина Карпош (3. ноември), локалната самоуправа започна со делење на 80 пакети за своите сограѓани кои се наоѓаат во социјален ризик. Оваа традиционална акција беше спроведена во соработка со Црвениот крст на Град Скопје, при што 70 пакети ќе бидат поделени на домаќинства во социјален ризик, пет пакети на СОС Детско село, а пет пакети на Геронтолошки завод „13 Ноември“ (во Злокуќани). Пакетите содржат трајни прехранбени продукти и средства за лична хигиена и дезинфекција.

Општината континуирано ја покажува својата хуманост и солидарност, но живееме и во ек на светска пандемија, кога сиромаштијата се зголемува, а институциите мораат да пружат поддршка.

Во оваа пригода, градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев посочи дека за 20 отсто е зголемен бројот на лица кои се пријавуваат во општината како социјално загрозени. Тој и службите за социјална заштита на Општина Карпош предложија да се организира и акција за собирање на облека, во која ќе биде вклучена општинската администрација.

АДМИНИСТРАЦИЈАТА **ДАРУВАШЕ КРВ**

Во пресрет на роденденот на локалната самоуправа-3-ти Ноември, Општина Карпош спроведе крводарителска акција. Почитувајќи ги протоколите и заштитните мерки, во четвртокот на 29-ти октомври, 35 службеници од Карпош донираа крв за оние на кои им е најпотребно. Акцијата се спроведе во соработка со Црвениот крст – Карпош и Институтот за трансфузиона медицина – Скопје.

Градоначалникот Стефан Богоев се заблагодари до сите кои ја покажаа својата хуманост, солидарност и во овие исклучителни мигови даруваат крв:

– Многу наши сограѓани се борат со Ковид – 19 и потребна им е крвна плазма од оние кои го прележале вирусот, но на Клиника има и многу пациенти на кои им се потребни овие „стандардни“ крвни единици, рече Богоев.

НОВИ 450 ДРВЈА ВО КАРПОШ

Во рамки на Деновите на Општина Карпош, започна есенската акција за зголемување на зеленилото. Во таа насока, комуналните служби на локалната самоуправа започнаа со садење на 300 нови ореви, во дворовите на основните училишта и градинките во Карпош. Акцијата започна во дворот на ООУ „Димо Хаџи Димов“ во Влае, како и во градинката „Пролет“ во Козле. На овој начин значително ќе се зголеми зеленилото во населбите, имајќи предвид дека воспитно – образовните установи се лоцирани меѓу објектите за домување, односно меѓу куќите и зградите во сите урбани и месни заедници.

Овие 300 нови ореви се донација од Факултетот за земјоделство и храна.

Локалната самоуправа овој период започна и со садење на 150 нови дрвја, јавори и липи, финансирани од Буџетот на Карпош. Акцијата за садењето почна од Карпош 4, од делот кај трговскиот „Антико“, а продолжи на ул. „Васил Чакаларов“, кај Порта Козле. Ова е една од повеќе мерки за намалување на загадувањето што ги презема локалната самоуправа.

СО БРИШЕЊЕ ГРАФИТИ - **„НЕ“ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА**

Во рамки на деновите на Карпош, комуналните служби на Општината организираа викенд – акција за отстранување на несоодветни натписи и пароли на дел од јавните површини по сите населби, по претходно мапирање на сите пораки кои шират говор на омраза.

Во Тафталиџе 1 беа отстранети натписите од амбулантата, која е во близина на гимназијата „Георги Димитров“. Паралелно со оваа активност, се интензивира и одржувањето на хигиената на улиците, парковите и другите фреквентни зони.

Карпош отсекогаш бил синоним на солидарност и хуманост и енергично против било каква дискриминација и говор на омраза.

ПРО

САНАЦИЈА НА СВЛЕЧИШТЕТО НА „ЛОВЌЕНСКА“ 4

Општина Карпош почна со санацијата на свлечиштето на улицата „Ловќенска“ 4, кое претставува повисоко, ридско место, каде што повеќе години земјата се свлекуваше и претставуваше закана за околните куќи.

Службите веќе извесен период вршат стабилизација на пролизганото земјиште, за да се осигура безбедноста на теренот и на големиот број на објекти во овој дел од општината.

Паралелно се санираат и голем број на ударни дупки на „Ловќенска“ 4, откако претходно беше и целосно обновен дел од коловозот во должина од 530 метри.

Со овие реконструкциии, ќе се подобри пристапноста за повеќе од 65 домаќинства, за кои улицата „Ловќенска“ е пристапна улица до нивните куќи.

РЕКОНСТРУИРАН Е ПАРКИНГОТ НА „АТИНСКА“ НА „МЛЕЧЕН“ ВО КАРПОШ

Општина Карпош ја заврши реконструкцијата на паркинг површината на улицата „Атинска“, во урбаната заедница „Владо Тасевски“ („Млечен“). По гребењето на стариот слој, поставен е нов асфалт на површина од 800 м2.

Општина Карпош ја заврши реконструкцијата на паркинг површината на улицата „Атинска“, во урбаната заедница „Владо Тасевски“ („Млечен“). По гребењето на стариот слој, поставен е нов асфалт на површина од 800 м2.

ЕКТИ

РЕКОНСТРУИРАНИ КРАЦИТЕ НА УЛИЦАТА „ВИЧ“ ВО КАРПОШ 4

После повеќе децении, целосно се реконструирани пристапните краци до зградите на улицата „Вич“ во населбата Карпош 4.

Службите на Општина Карпош асфалтираа површина од 3.000 м2, со што се обезбедува подобар и побезбеден пристап за граѓаните и нивните возила, до живеалиштата.

Во оваа населба, во делот на обнова на инфраструктурата, беше направена и реконструкција на улицата „Трифун Бузев“, а Градот Скопје ги обнови и сообраќајниците „Никола Парапунов“ и „Љубљанска“.

НОВИ **„ЛЕЖЕЧКИ ПОЛИЦАЈЦИ“** ОКОЛУ ООУ „П.П.АРСОВ“

Општина Карпош постави нов „лежечки полицаец“ во населбата Карпош 4, околу основното училиште „Петар Поп Арсов“, во должина на улицата „Разловечко востание“, а во тек е поставување на ваков тип сигнализација и долж улицата „Волгоградска“.

На овој потег, локалната самоуправа има воспоставено и нов сообраќаен режим. Имено, еднонасочниот сообраќај и новата хоризонтална и вертикална сигнализација придонесе да имаме побрз проток во сообраќајот, да се зголеми безбедноста, но и да се намали сообраќајниот метеж кај „Сити мол“.



Нов кризен (ребалансиран) Буџет на Општина Карпош:

ПОВЕЌЕ ПАРИ ЗА **ШКОЛИТЕ, ЗА ИТ ОПРЕМА** И ЗА **КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ**

Автор: **Виолета Цветковска**

Повеќемесечната здравствена и пошироко, општествена криза предизвикана од пандемијата со вирусот Ковид 19, наметна престројување во ôд не само на централната туку и на локалните власти. Тоа значеше измени во сите работни агенди и предвидени проекти, а со тоа индиректно, но и најдиректно, интервенирање во распределбата на паричните средства од општинската каса.

Во духот на новата реалност и сменетите приоритети на граѓаните за време на пандемијата, Општина Карпош ги усогласи и своите приоритети во активностите кои ги финансира, и кои во поблиска иднина ќе ги алиментира локалната самоуправа.

Во таа насока советниците при Советот на Општина Карпош на крајот на септември усвоија ребалансиран Буџетот со којшто се зголемија вложувањата во три клучни сегменти: капиталните инвестиции во сите сфери на инфраструктура (плоштади, платоа, реконструкција на улици, канализација), во ИТ опремување на училиштата и во одржување на хигиената во услови на пандемија и здравствената превентива.

Со ребалансираниот Буџет, капиталните инвестиции се зголемуваат за околу **25 милиони денари** односно од предвидените **235.704.000** на **260.804.000** денари. Веднаш по нив, видно се зголемени парите од Буџетот кои ќе бидат наменети за хигиена и дезинфекција од **800.000** на **4.000.000 денари** кои ќе одат за општинските потреби.





Десетте основни училишта кои работат на територијата на Карпош од Општината ќе добијат донација за дезинфекција и хигиена во износ од **два милиони денари**, а од блок дотациите кои ги дава државата за нив, наместо **400.000 денари** ќе добијат петкратно повеќе, односно **2.000.000 денари** токму за оваа намена.



Новиот начин на учење во школите обуслови и прераспределба и зголемување на финансиите кои ќе одат за ИТ опрема и тоа со овој ребаланс ќе биде од **335.000 денари** на **1.335.000 денари.** Од општинската каса, од делот на субвенции, ќе биде даден и **еден милион денари** за обезбедување на лап – топи за школите. За да се овозможат ваквите парични прераспределби и приоретизации, поединечно, одделните сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа направија внатрешна рационализација на трошоците и од тековните проекти и од програмите за 2020 година.



Така речиси е преполовен буџетот за образование од над **14,5 милиони денари** на нешто над **7 милиони денари.** Ужинките за децата кои сега веќе нема да бидат присутни на училиште ќе се сведат од **3,6 милиони** на **1,2 милиони денари.** Парите за школскиот превоз од **4,5 милиони** се сведуваат на **1,5 милиони денари,** целосно е скусено и плаќањето на летните школски одмори за **1,75 милиони денари,** како и хорскиот натпревар и некои образовани проекти.

Кусење на трошоците има и во културата и спортот и тоа кај организацијата на Карпошово културно лето од **5.750.000** на **3.000.000 денари,** во спортот кај турнирот „Сокол“ од **19.200.000** на **3.000.000 денари.**



Затоа пак локалните власти во ребалансираната каса за претстојниот период драстично ги зголемија трошоците за социјална заштита на своите граѓани и тоа за **50 насто,** односно од **2.000.000** на **3.000.000 денари.** Ова се пари кои ќе одат за справување со пандемијата, за лицата кои се наоѓаат во социјален ризик и за лекување на карпошани, односно вкупната сума за социјала во Карпош од **4.385.000 денари,** сега ќе изнесува **5.385.000 денари.**



На овој начини, Општината продолжува во континуитет да ги следи актуелните состојби и потреби на своите жители и согласно нив ги прилагодува своите политики, активности и управувањето со парите на граѓаните со цел да создаде поквалитетен живот и во вакви кризни моменти.

Интервју: **НИКОЛА РИСТАНОВСКИ,**
АКТЕР, ПРВЕНЕЦ НА МНТ И ЗАСЛУЖЕН ГРАЃАНИН НА КАРПОШ

ТЕАТАРОТ Е КАКО И ЖИВОТОТ, А ЖИВОТОТ МОРА ДА ИДЕ НАТАМУ

Разговорот го водеше: **Виолета Цветковска**

Една улога мора да стане прашање на лична ствар, прашање на лична борба, на лична радост или тага. Текстот мора да стане прво лице еднина.

Во два обида да поразговараме, некако се „разминувавме“, меѓу некои ангажмани надвор, далечни патувања? Со симболична игра на случајот, првото одложување на интервјуто беше поради Вашето заминување за Кина.

- Да тоа беше поради нашето патување во Кина, а веќе на 23 јануари, на денот на мојот роденден, со последниот авион кој полета од Пекинг кон Европа, преку Доха, ние се вративме во Македонија. Инаку ќе останев во карантин, во најдобар случај едно три недели. Мислам дека јас можеби прв ја имав информацијата за пандемијата која допрва доаѓаше кај нас.

Каде сé ве „гони“ професијата... по нови улоги или нови награди - најнаградуван македонски актер?!?

- Одам во ново обезбедување на сопствениот живот и животот на моето семејство, или симболично да кажам: „одам да наберам дрва за огрев и да уловам за прехрана“. Одам да работам. Во основа е тоа што сакам да работам, второ да обезбедам егзистенција и трето ми причинува задоволство, така што секогаш го имам пакетот на причини зошто да работам.

Матична куќа на уметноста, или уметноста е таму кај што сум јас: МНТ, Белград, Сараево... и каде уште?

- Во последниве години, од 2003-та, повеќе од 15 години, заклучно со пролетоска, најчесто сум на релација Белград-Скопје, но и на сите овие бивши простори: Црна Гора, Хрватска, секаде каде што говорното подрачје ме „покрива“. Но, сепак, она што се уште го чувствувам како база е Македонскиот народен театар. Околу тоа никогаш не сум имал двојби, дури кога сум имал подолги отсуства, секогаш сум имал ре-

пертоар од три-четири наслови кои ми течеле на репертоарот на МНТ. Значи базата е МНТ, сé друго е она што дополнително го прифаќам и работам. Во моментот работам на филм кој се снима во Србија, а е во австралиска продукција. Тоа е малку напорно, поради сите процедури на преминување на граници, но имам причина да учествувам. Тоа е еден специфичен арт пристап кон нашето поднебје, со наш режисер и во австралиска продукција. Ако се биде по ред и план, филмот би можел напролет, или да ги фати летните фестивали во 2021, но повторно, се зависи што ќе се случува со пандемијата.

Според ангажманите или според срцето: филм или театар? Има ли дилема?

- Би можел да кажам: сé е едно исто, зашто во основа сé е игра и раскажување приказна. Другиот одговор е дека е многу различно: театарот е како цеден сок од портокал, а филмот е како сок од тетрапак. Има одлични сокови во тетрапак збогатени со витамини и минерали, а има и лоши портокали.

Дали повторно има „Сенки над Балканот“?

- Сенки на Балканот, веројатно ќе има продолжение, но проблемот е што мојот лик е историски и умира во години коишто веќе серијата не ги обработува. Сметам дека тоа е добар производ зад којшто може да застанеш професионално.

Дали уметноста направи експлозија или имплозија на овие простори. Кои се тие обединувачки приказни во регионот?

- Луѓето од Карпош и од Аеродром сакаат да раскажуваат исти приказни. Луѓето од Скопје и од Битола раскажуваат исти приказни. Луѓето од државите сакаат да раскажуваат заеднички приказни. Притоа, театарот е место каде луѓето генерално сакаат и

можат да бидат заедно. Во моментов - за жал не, но тоа ќе се промени. Тука ја сместувам и мојата приказна распослана по некои географски ширини и должини. Контекстот на живеење секогаш тежнее да не раздели, но театарот ја има спротивната сила. Затоа мојот матичен театар би го нарекол македонски интернационален театар и би го движел во насока на обединување.

Кое време го живееме на Чехов, на Булгаков? Има ли бунт во нас, во уметноста, потрага по креативноста?

- Тоа се тие клучни автори. Нека ми прости Шекспир или Молиер, кога би избришале сé и би ги оставиле само Булгаков и Чехов, сé би дознале за светот. Би ги додал и Сервантес и Достоевски. Сите човечки особини што ги има во драмите на Чехов се непроменети. Човекот останува ист во сите политички системи, во сите кризи или наводни демократии, во сите идеологии, па завршувајќи со оваа која доминира во светот, каде што главен газда се парите. Во минатото имало пристојни идеи, обиди да доминира идејата, идеологијата, но дали тоа било спроведено или не, е друга работа. Сега парите се на врвот на пирамидата, се додека не ни се случи нешто пострашно за да можеме да се ресетираме. Се надевам дека нема да се случи. Јас Чехов го знам одвнатре, Има многу теоретичари кој го познаваат и пишуваат за него, но јас го знам на-

> *Вистинската уметност никогаш не била прашање на големи привилегии.*

вистина одвнатре: знам колку немирно спијат ликовите, знам што јадат... Тоа е богатство што го црпам, и многу нешта денес ми се препознатливи, зашто обрасците не се менуваат, колку год да е променет свеот во којшто живееме. Ликовите се идентично добри, идентично ранливи, идентично се корумпирани. Истото го мислам за Булгаков. Целата литература всушност е борбата на поединецот со групата, општество, светски поредок. Голема привилегија е што имав шанса да се бавам со големи автори. Јас себе не се сметам за голем автор, но можев да бидам на сцена со тие големи автори. Тоа е мојата привилегија. Ако не сум ги „расипал“ многу тие автори тогаш „полна капа“. Кога бев помлад сакав што повеќе да бидам автор, а сега веќе што подобро да ги репродуцирам. Да бидеш автор е многу голем, комплексен збор. Тоа значи да си творец.

Која улога би ја играле по стоти пат?

- Многу сум ги одиграл по стоти пат. Имам толкава километража што има десетина улоги што ги повторувам повеќе од сто пати. Од поодамна одредени улоги ми стануваат потреба, не само мисловна, туку и чувствена... стануваат дел од твојот ден, твојата недела, твојата година. Тоа некогаш е многу напорно, но оној ден кога ќе ја немам таа потреба ќе објавам дека немам потреба од оваа работа. Јас имам такви живи претстави: „Дервиш и смрт“ и „Иванов“ се играат во Белград. „Животот е прекрасен„, „Животот на Молиер“ се играат во Скопје. Не копнеам по претстави кои го завршиле своето живеење, а оние кои ми се драги, на некој начин се уште живеат. Не мечтаам по некоја да ја играм, туку ги играм. Немам дефицит.

Дали токму тие се најнаградуваните?

- Па изгледа така ќе биде. Така се погоди, а всушност можеби се тоа претстави кај што најмногу сум се инволвирал. Една улога мора да стане прашање на лична ствар, прашање на лична борба, на лична радост или тага. Текстот мора да стане прво лице еднина. Тие претстави имаат долговечност, трајност, освен ако репертоарската политика не одлучи поинаку, а и тоа се случувало.

Но поклопувањето со секој лик остава трага, лузна. Дали потоа успевате да се „прочистите“ за да не дојде до расцеп на личноста?

- Секогаш мора да има една дежурна светилка, контролна лампичка. Се разбира, тоа е лично. Има примери кога тоа остава и подебели траги, но мојот пристап е дека мојата работа е една голема игра. Ниедно дете не излегува оштетено од своите игри. Таа детска психологија е најдоброто решение. Важна е посветеноста кон она што можеш најдобро да го направиш, и во крајна линија, тое е како најголем пример на патриотизам и етичност. Кога секој добро би си ја вршел својата работа за којашто е школуван, за којашто седи на работно место, придонесува, сé би било многу подобро. Секој непрофесионализам раѓа дилетантизам, и тоа е многу опасно, за оваа но и за сите други професии.

Дали сега уметноста, актерството виреe во лоши услови?

- Никогаш не било добро, никогаш условите не биле совршени. Прашајте го Молиер, прашајте го Достоевски, Ван Гог... Вистинската уметност никогаш не била прашање на големи привилегии. Освен исклучоци кога била пропратена со лични жртви, така што тоа е ствар на личен избор: Или имаш личен порив нешто да правиш или не. Театарот го преживеал и средниот век, и фашизмот, ќе ја преживее и короната. Театарот е како и животот, а животот мора да иде натаму.

Интимно, отсекогаш сум бил доста на чисто дека освен тешките, има и многу добри моменти. Еве признанието на Општина Карпош, за заслужен граѓанин, ми е многу драго, го прифатив, зашто е специфично, иако ниту сум прифаќал ниту ќе прифатам општествени признанија. Некако сум на друга страна на барикадата. Затоа што не сум задоволен од светот во којшто живеам, генерално откако знам за себе, и уште долго ќе бидам така. Но, тука се работи за една многу домаќинска ситуација, којашто мене ми е блиска и суштинска. Многу најзначајни нешта ми се случиле во Карпош: многу станови под кирија, многу запознаени луѓе, фамилијата во Карпош, деца во школо во Карпош, сопруга на работа во Карпош. Сé некако е врзано со него, Карпош за мене е дом. Како што ми е МНТ примарна институција каде што работам, така Карпош ми е дом.

Што би смениле во Карпош?

- Морам да признаам дека се работи, но и дека имам лист хартија што сé би сменил, но не го вадам само заради оваа специфична ситуација што ни се случува со короната и со сите мерки. Она што сакам да го сменам не е сега приоритет. Сега е приоритет да им се даде поддршка на тие луѓе кои се во првите борбени линии, а тоа се лекарите и медицинскиот персонал, сите болници, во Карпош, во Скопје и во цела Македонија. Тие сега се приоритет. Ним треба да им се помогне. Се друго е второстепено, третостепено. Ако треба и физички да помогнеме. Предлагам да ги прогласиме сите медицински лица за најзаслужни и почесни граѓани на Карпош. Тоа би ме направило горд.

> *Предлагам да ги прогласиме сите медицински лица за најзаслужни и почесни граѓани на Карпош. Тоа би ме направило горд.*

Дали после короната, прва улога која ќе ви се врати е онаа во „Терапија“?

- Ах, да, тоа не е воопшто занемарлива работа. Ова сега ќе си носи последици, и веќе си носи, затоа што некои вентили ни се затворени, кои во нормални околности го намалуваат притисокот на кризата со сите ограничувањата кои се физички или психолошки. Притисокот во котелот расте. Тоа е голема опасност којашто ќе треба да ја превенираме и оттаму таа улога ќе стане важна. Луѓето ќе треба повторно да разговараат, оти не сите луѓе имаат свои механизми на справување со состојбите, или поддршка од тој до него. Осаменоста исто така е феномен којшто мислевме дека е карактеристичен за западниот свет, но тој може да се префрли и на овие простори. Но, не сме ние „привилегирани“ да живееме во најлошите времиња. Имало и други лоши времиња, па луѓето се изборувале да живеат.

ЗДРАВЈЕ - ЦЕЛА ГОДИНА, НО ФОКУСОТ Е ВО ОКТОМВРИ И НОЕМВРИ

РОЗОВАТА ПАНДЕЛКА НА ОКТОМВРИ

Автор: **Ивана Пендовска Вукашиновиќ**

Женскиот пандан на „Мовембар“ е октомври - Месец на свесноста за ракот на дојка е годишна меѓународна здравствена кампања организирана од големи добротворни организации за рак на дојката.

Секоја година во октомври се одржува оваа манифестација, за да се зголеми свеста за болеста и да се соберат средства за истражување на нејзината причина, превенција, дијагностицирање и лекување. Кампањата нуди и информации и поддршка на оние жени кои се сегнати од ракот на дојка, но исто така и да ги едуцира луѓето за важноста на раниот скрининг тест, да се даде поддршка за заболените или како да помогнете доколку некој ваш близок се соочува со ракот на дојка. Оваа кампања започнува секоја година на 1. октомври и трае цел месец. Препознатлив симбол на светскиот месец против ракот на дојка е розовата панделка, па сите што сакаат да се приклучат, без разлика дали се заболени, го победиле ракот или пак сакаат да дадат поддршка на останатите, носат розеви панделки во текот на цел октомври. Македонското здружение за борба против ракот на дојка е „Борка“.

Националниот месец за свесноста за ракот на дојката (НМСРК) е основан во далечната 1985-та година, во октомври како партнерство помеѓу Американското здружение за рак и фармацевтскиот оддел на „империјата“ за хемиски индустрии (сега дел од „Астра-Зенека“, производител на неколку лекови против рак на дојка). Целта на НМСРК од самиот почеток е да ја промовира мамографија како најефикасно оружје во борбата против ракот на дојка. Во 1993 година Евелин Лаудер, виш корпоративен потпретседател на компаниите Estée Lauder, ја основа фондацијата за истражување на рак на дојка и ја воспоставува розовата панделка како нејзин симбол. Иако ова не било првпат панделката да се користи за симболизирање на рак на дојка, најпрва во тоа била 68-годишна жена од Калифорнија по име Шарлот Хејли, чија сестра, ќерка и внука имале рак на дојка, кои носеле панделки во боја на праска.

Есента во 1991 година, Фондацијата Сузан Г. Комен им делела розови панделки на учесниците на нејзината трка во Њу Јорк за преживеаните од ракот на дојка. Ширум светот, во октомври, се организираат различни настани, вклучително прошетки, организирани трки, настани од секаков карактер со хуманирана цел, розево осветлување на значајни згради и сл. Сите организирани настани имаат хуманитарен карактер а, донациите пак, се користат за истражувања и лекувања на заболените. Секако ниту една донација не е толку голема колку поддршката од најблиските во борбата со болеста.

ЗДРАВЈЕ - ЦЕЛА ГОДИНА, НО ФОКУСОТ Е ВО ОКТОМВРИ И НОЕМВРИ

МОВЕМБЕР
ИЛИ СПАСОНОСНИТЕ МУСТАЌИ

Автор: **Ивана Пендовска Вукашиновиќ**

Како наближува поладното време, со него нужно доаѓа и – ноември. Токму тој, долгоочекуваниот месец кај машкиот пол, особено кај љубителите на мустаќи.

Месецот ноември, на јавноста исто така и е познат како Мовембер по годишниот настан кој вклучува „пуштање“ мустаќи во текот на секој ноември, сé со цел да се подигне свеста за машките здравствени проблеми, како рак на простата, рак на тестиси и во врска со тоа или независно со самоубиствата кај мажите. Целта на Мовембер е „ да го смени лицето на здравјето на мажите “. Името е добиено од австралиско-англискиот демунитив за мустаќи, „мо“, и англискиот збор за месец ноември, зборот „November“, односно „Movember“.

Охрабрувајќи ги мажите (на кои добротворната организаци ја ги нарекува „Мо Браќа“) да се вклучат, Мовембер има за цел да го зголеми раното откривање на карциномот, дијагностицирањето и примената на ефективни третмани, и на крајот, да го намали бројот на смртни случаи што со благовремена интервенција и лечење можат да се спречат. Покрај годишните прегледи, Фондацијата Мовембер ги охрабрува мажите да бидат свесни за семејната историја на рак и да усвојат поздрав начин на живот. Користејќи ги мустаќите како движечки симбол на движењето, Мовембер се фокусира на трите клучни области на рак на простата, карцином на тестиси и менталното здравје и превенцијата на самоубиства. Од почетокот на основањето, Фондацијата Мовембер има собрано 837 милиони американски долари и има финансирано над 1.200 проекти во повеќе од 20 земји. Мовембер започна во 2003-та година во Австралија, а сега е распространет во 21 земја, меѓу кои и Македонија. Сите оние што сакаат да бидат дел од оваа акција, можат да го сторат тоа и со донација, која ќе биде наменета за медицински цели. Може да учествуваат и мажите или Мо браќата, но и жените или Мо сестрите.

Кои се всушност „Мо“ сестрите? „Мо сестрите“ се тука за поддршка на „Мо браќата“. Може да биде партнерка, колешка, пријателка, член од семејство, секако пред се, сé поддршка на мажите во раснењето на нивните мустаќи, но и во мотивацијата да се изврши уролошкиот преглед.

Според уролозите, нема просечна возраст на која мажите треба почесто да посетуваат уролог. Кај помладите мажи најчести уролошки заболувања се воспалителните заболувања на мочниот канал и глансот на пенисот, како и на простатата и тестисите. Честа е и појавата на камења во мочните патишта и бубрезите. Од малигните заболувања, туморот на тестисите се јавува меѓу 15 – тата и 40-тата година од животот на мажот. Зголемувањето на простата и карциномот на простата се јавуваат најчесто по 45-тата година. Од ова, може да се заклучи дека мажите уште во младоста треба да посетат уролог, а неопходно е по 50-тата година од животот.

Кои се правилата за да се учествува на Мовембер? Првиот чекор е секако да се регистрирате на **Movember.com.** Следбениците на Мовембер, треба да се придружуваат кон неколку правила:

- Секој Мо Брат мора да се започне од 1-ви ноември со свежо избричено лице, така што треба да се почне од нула.
- Во текот на целиот месец на Мовембер, секој Мо брат мора да ги расне, негува и одржува своите мустаќи.
- Лажните мустаќи или брадата не се сметаат за важечки
- Искористете ја моќта на мустаќите и започнете разговор за машкото здравје, рак на простата и рак на тестиси.
- Секој Мо брат треба да се докаже како виситнски џенталмен пред дамите!

И за крај запомнете: од целата моевриска акција, најмалку важни се мустаќите! Она што е особено важно, е тоа што задолжително секој „мустаќлија“ мора да изврши уролошки преглед.

Дефинитивно превентивните прегледи се ИН!

КАРПОШ ГИ НАГРАДИ **НАЈДОБРИТЕ УЧИЛИШНИ ЛИКОВНИ И ЛИТЕРАТУРНИ ТВОРЦИ**

Автор: **Игор Ѓуровски**

По повод одбележување на 44. роденден на Општина Карпош, Одделението за образование организираше ликовен и литературен конкурс на две теми: „Што сонуваат децата“ и „Училиштето од моите соништа“. Конкурсот беше отворен за сите ученици од основните училишта на територија на Општината.

Комисијата составена од наставниците: Тони Шулајковски, Даниела Анонова, Ана Видоевска Динева, Наташа Стефановска и Соња Поповска Трајковска, разгледуваше околу 360 ликовни творби, при што одлучи првото место да и го додели на Дорис Геркар од ООУ „Петар Поп Арсов“. Второто место и припадна на Ана Андреска од истото училиште, а третото место го обезбеди основката Моника Трајковска од „Димо Хаџи Димов“.

Од пристигнатите 100 литературни творби, комисијата составена од наставниците: Ана Деспотовска, Александра Гаџовска, Соња Трајковска, Мерсије Абдула, Даниела Штерјова, највисоко ја рангираше ученичката Лара Станчева од ООУ „Лазо Трповски“, второто место и припадна на основката Јана Коцеска од „Петар Поп Арсов“, додека пак, третопласирана беше Ерзана Салиу од ООУ „Братство“.

Покрај благодарници, Општина Карпош им додели и парични награди на најуспешните млади ликовни и литературни творци. Првопласираните добија 6.000, второпласираните 4.000, додека пак третопласираните беа наградени со 2.000 денари.

1
МЕСТО



2
МЕСТО

ДЕТСКИТЕ СНИШТА

Во детските сништа
е можно сè и сешто,
слон да лета
и мајмун во панталони да шета.

Во детските сништа
има змеј со две глави,
а има и глушец
што роденден слави.

Но, во детските сништа
нема војни и страдања,
ниту гладни дечиња
со празни мешиња.

Во детските сништа
нема облаци од темен чад,
нема расфрлано ѓубре
насекаде по пат.

Во детските сништа
сите луѓе се исти,
со мисли искрени
и срца чисти.

Во детските сништа
мирот царува
и секое дете
цвеќиња подарува.

Во детските сништа
сите деца заедно се збрани
и љубов се шири
на сите страни.

Затоа деца мои
сакам да сонувам јас,
да легнам во постела мека
и да заспијам в час.

3
МЕСТО

Çka ëndërrojnë fëmijët

Ja gjë e bukur është të ëndërrosh.
Çdo fëmijë ka botën e tij të vogël të mbushur me ëndrra.
Lista e ëndrrave të një vogëlushi, fëmije, adoleshenti nuk ka fund. Edhe unë kam ëndrrat e mia që dua ti ndaj me ju. Në këto ditë të vështira nuk kam dëshirë më të madhe se sa të kthehem në bankat shkollore. Dua ti përkëndes të gjitha çastet në shkollën time një nga një, sikur bënim më parë.
Kam dëshirë të mblidhemi me shokët dhe shoqet e të lozim lojrat të ndryshme para shkolle.
Dua ti shoh me gjithë dëshirë mikeshat e mia më të ngushta si më parë. Ja më ka marrë malli për të gjithë.
Sigurisht kam edhe ëndrra të tjera.
Ëndrra ime ka gjë gjithmonë të bëhem njeriu. Do të doja të ndihmojë sa më shumë njerëzit me shëndetin e tyre.
Do të doja të kotoja edhe disa libra, e të ndihëtoja rreth botës me ëndrrat e mia verbalë. Pra shumë i dua ëndrrat e mia në to strukem, në errësirën e tyre gjej qetësinë edhe pse në fëmijëri nuk na pëlgen errësira.
Dalëngadalë mpluan boten, shqërinë rritemi dhe bëhemi pjesë e botës dhe lerjojmë mendimin tonë për të. A sjanë të bukura ëndrrat?
Jeta jonë pa ëndrrat do të ishte si një natë pa yjet e hënën. Shumë njerëz mund të thonë se një ëndërrimtarë nuk mund të arrijë shumë në jetë. Por kjo është një keqkuptim.
Ëndrrat nuk bëhen realitet përmes magjisë por për të duhet djersë, vendosmëri dhe punë e vështirë.
Ja i dua ëndrrat...

1
МЕСТО



2
МЕСТО

3
МЕСТО

{ колаж }

Општина Карпош ги извести своите сограѓани кои се со попреченост дека преку Јавното претпријатие „Градски паркинг“ можат да користат поволности за паркирање на сопствените возила на територија на цело Скопје.

Ваквата бенефиција ќе ја сотварат со бесплатна картичка за користење на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање со кои стопанисува ЈП Градски паркинг и таа важи за:

- лицата со попреченост со утврдена дијагноза односно дистрофија, дијализа, церебрална парализа, параплегија, хемиплегија, квадриплегија, детска парализа (полиомиелитис), мултиплекс склероза и ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување од 80% утврдено со акт на надлежната комисија во фондот на ПИОМ, слепи лица со оштетување на видот над 90 %.

Овие лица потребно е ги испратат следниве документи на е – адресата *lpp@gradskiparking.com.mk*:

- важечка лична карта – на увид;
- копија од сообраќајна дозвола;
- ПИОМ Решение за степен на телесно оштетување – на увид;
- Лекарски наод од специјалист – на увид;
- Потврда од матичен лекар за точно наведена дијагноза – оригинал;
- Членска книшка од здружение за телесно инвалидизирани лица – на увид;
- Пополнет образец Барање – Договор (ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДВОСТРАНО ПЕЧАТЕЊЕ)

За решавање на проблемот со паркирањето, локалната самоуправа спроведе и анкети за воведување на регулација на паркирањето. Спроведени се анкети во Карпош 1 и Карпош 2, при што доминираат одговори за воведување на зонско паркирање.

Вакви анкети ќе се спроведат и во други населби, а зонското паркирање би се спровело во соработка со ЈП „Градски паркинг“ и подразбира бесплатен паркинг за резиндентните граѓани, но не и за жителите на подалечни населби и општини.

ПОКЛОН ПРЕД **ОСЛОБОДИТЕЛИТЕ НА СКОПЈЕ**

Во знак на одбележување на 13 Ноември – Денот на ослободувањето на Скопје, Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев положи свежо цвеќе пред Споменикот на Ослободителите на Скопје, пред Владата на Република Северна Македонија.

На овој начин граѓаните на Карпош и на Скопје ја празнуваа 76 годишнината од ослободувањето на нашиот главен град од фашистичка окупација. И овој 13 Ноември нè потсетува колку е скапа слободата. Наша обврска е да продолжиме да се сеќаваме и да го негуваме споменот на оние кои го положија својот живот за колективното добро. Но, и да го развиваме главниот град преку вредностите на слобода, солидарност и еднаквост.

Пред спомен – обележјето свежо цвеќе положија повеќе претставници на институции, локални самоуправи и организации. Свое обраќање имаше и градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов, кој во знак на благодарност кон борците, посочи дека новиот мост во продолжение на булеварот „АСНОМ“ ќе го носи името на Генерал Михајло Апостолски.

УШТЕ ЕДЕН **ЗЕЛЕН ПРОСТОР** ВО КАРПОШ 3

Целосно е преуреден јавниот простор долж улицата „Новопроектирана“, во населбата Карпош 3. Станува збор за сообраќајницата која граничи со „Бледски договор“ и булеварот „8 Септември“. Засадена е нова тревна површина, нови дрвја и украсни растенија, а поставен е и систем за наводнување.

На овој начин, дополнително е зголемена зелената површина во еден од пофреквентните делови од Карпош. На овој потег, лоцирани се повеќе здравствени установи и бројот на возила и граѓани кои минуваат е голем.

Уредувањето на овој потег е донација од ПЗУ Клиничка болница „Жан Митрев“ Скопје, а службите на установата преземаа обврска и за тековно одржување на просторот.

Локалната самоуправа изминатиов период постојано вложува во раззеленување на јавниот простор, а особено се надоместува изгубеното зеленило во урбаното јадро.

Направени се повеќе маалски паркови на следниве локации: во Карпош 1, на улицата „Иван Аговски“, Карпош 2 спроти Драмски театар, Карпош 3 во ООУ „Лазо Трпоски“. Исто така, меѓу повеќе згради се поставија и системи за наводнување: кај „воените“ кули во Долно Нерези, на ул. „Женевска“ во Тафталиџе 2, долж „Московска“ во Тафталиџе 1, како и во Карпош 3, во средишниот дел на ТЦ „Лептокарија“.

ПРОДОЛЖУВА РАЗЗЕЛЕНУВАЊЕТО ВО КАРПОШ

Комуналните служби на Општина Карпош продолжија со раззеленувањето на населбите. Имено, се засадија уште 50 ореви во рамки на дворовите на основните училишта и градинки.

Зголемено е зеленилото во училишните дворови на „Петар Поп Арсов“ (Карпош 4), „Војдан Чернодрински“ (УЗ „Владо Тасевски“) и „Вера Циривири Трена“ (Карпош 2), како и во трите објекти на градинката „Орце Николов“, во Карпош 2, Карпош 3 и Карпош 4 и детската установа „Мајски цвет“ во Тафталиџе 2.

Овие дрвја се дел од акцијата за садење на 300 ореви, која веќе извесен период се спроведува на територија на Карпош.

Исто така, во рамки на Спортско – рекреативниот центар во Карпош 3 се засадија и нови 35 јавори, кои се донација од компанијата „Алфаплам“.

Локалната самоуправа изминативе години сериозно работи на надоместување на изгубеното зеленило во урбаното јадро, но и креирање на нови зелени површини.

ПОЧНА **ЕСЕНСКАТА ДЕРАТИЗАЦИЈА** ВО КАРПОШ

Општина Карпош ја почна редовната, есенска дератизација и дезинсекција на целата своја територија. Овластената фирма која ја ангажираше локалната самоуправа треба да помине околу 5.000 шахти во кои ќе фрли средства за уништување на штетните глодари и инсекти во сите населби на Општината.

Дератизацијата и дезинсекцијата во Карпош ќе се одвива сукцесивно во текот на четири до пет недели.

PUMPTRACK – НОВА РЕКРЕАТИВНА ЗОНА ВО ГРАДСКИОТ ПАРК

На територија на Општина Карпош, во вториот (новиот) дел на Градскиот парк беше пуштена во употреба втората pumptrack во Скопје.

Станува збор за јавен простор кој може да го користат сите љубители на велосипедизмот. Исто така, во овој дел засадена е и нова тревна површина, а поставени се и клупи за седење, со што се добива нова зона за рекреација на граѓаните.

Претходно овој простор беше девастиран и неуреден. Со облагородувањето, Градскиот парк станува уште поатрактивен за граѓаните.

Оваа зона е направена од Град Скопје и донаторот Стопанска банка АД Скопје, а со поддршка и на Општина Карпош.

Во изминатиот период, Град Скопје го уреди и паркингот во овој дел од паркот, а во должина на потегот беше поставена и заштитна ограда за да се спречи паркирање во зеленилото.

ПРЕКУ СПОРТ ДО ПОДОБРИ ГРАЃАНИ

Во рамки на проектот „Спорт за развој – спорт за сите“ започнаа обуките со учениците од основните училишта од Општина Карпош во сферата на физичката култура. Имено, најмладите стекнуваат и учат различни спортски вештини, имаат физичка активност, но учат и социјални вештини за правилно однесување во околината.

Проектот го спроведува здружението „ТАКТ“ во соработка со Општина Карпош. На спортско – рекреативниот центар во ООУ „Лазо Трповски“ учениците, поделени во тимови, работеа со инструктор, при што, со различни реквизити совладуваа повеќе активности.

Преку игрите, младите стекнуваат навика за тимска работа, го развиваат натпреварувачкиот дух, но и потребата од солидарност за да се совлада одредена пречка. Преку физичките активности, исто така, учениците сфатија дека физичката сила не е клучна за да се биде поуспешен од другиот, туку треба да се има и стратешки пристап, логичко размислување, одговорност и да се воспостави вмрежување со другите чинители.

Преку вакви проекти локалната самоуправа, во соработка со граѓанските организации, продолжува да работи на разојот на младите луѓе и нивно поголемо вклучување во заедницата.

ОБНОВА НА СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ ВО ООУ „АВРАМ ПИСЕВСКИ“ И ООУ „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“

Општината продолжува со тековното подобрување и санација на спортската инфраструктура, па така ги промени и кошовите на спортското игралиште во ООУ „Владо Тасевски“, во населбата Козле.

Со поставувањето на четирите нови кошови (табли, обрачи и мрежи), се овозможуваат подобри услови за спорт и рекреација на учениците. Овие терени, во попладневните часови ги користат и околните жители.
Во рамки на проектот „Спорт за развој – спорт за сите“, кој општина Карпош го спроведува во соработка со здружението „ТАКТ“, започна обновата на реквизитите на спортските игралишта во основното училиште „Аврам Писевски“ во Бардовци. За таа цел беа поставени два нови голови и кош, а исто така беше обележан и теренот, со што се унапредуваат условите за спорт и рекреација на учениците.

Наскоро ќе се обнови и игралиштето на училиштето „Димо Хаџи Димов“ во Влае.

Општина Карпош во ноември ги објави јавните огласи за доделување на стипендии за талентирани ученици и талентирани спортисти, кои учат во VIII и IX одделение во десетте општински основни училишта.

Стипендиите се во износ од 2.500 и 3.000 денари, во зависност од бројот на освоени бодови, а се доделуваат за седум месеци од учебната година.

Рокот за аплицирање на двата јавни огласи беше до 20.11.2020 година (петок).

Основната цел на локалната самоуправа е да ги мотивира младите луѓе да остваруваат уште подобри резултати и во тековната учебна година.

Оваа година, наставата се одвива во навистина специфични услови како резултат на ситуацијата со пандемијата со Ковид – 19.

Сепак, учениците можат и преку комбинираната настава да ги покажуваат своите знаења, а нивниот труд да биде вреднуван.

Дејан Марић

Даниела Бутнејска Сапунциева



Билјана Тасевска Крстевска

bibce77

Катарина Живковић



ig_ig

Виолета Поповска



Ленче Костовска Павловска

Даниела Андреска

Надица Пешова

Ирина Целеска

Оливера Котева

НЕКТАРОТ НА БОГОВИТЕ ВО ЗЕМЈАТА НА СОНЦЕТО

Автор: **Игор Ѓуровски**

Со самото тоа што виното е старо повеќе векови и не е познато кога човекот ја испил својата прва чаша, зад овој пијалок се кријат бројни митови, приказни и обичаи.

Во древна Грција, домаќинот пред почетокот на гозбата би го подигнал својот пехар и би отпил една голтка вино, за да би им докажал на гостите дека тоа не е отровно. Се верува дека од оваа традиција, подоцна настанал обичајот на наздравување. Користејќи го за различни ритуали, старите Римјани велеле: „во виното е вистината“. Од друга страна пак, модерниот човек го конзумира овој драгоцен напиток за да ужива, да се опушти и после неколку чашки, непривлечните луѓе да му изгледаат невероајтно привлечни.

Можеби една од најексплоатираните фрази за виното е дека тоа е „нектар на боговите“, меѓутоа, неспорно е дека за него се грижат, го одгледуваат и произведуваат, „обичните смртници“. Во тој поглед, еден од ретко познатите факти е дека на територијата на нашата држава се произведувало високо класно вино уште од античко доба, поточно од 13. век п.н.е. Тогашната провинција Македонија, била еден од главните центри за обработка на грозје и производство на вино во рамки на Римската Империја. За тоа сведочат и лозовите насади во Барово, во подножјето на планината Кожув, кои се простираат во близина на античкиот пат Via Egnatia, каде денес се среќаваат стариот и новиот свет на виното.

Од поновата историја постои статистички податок, дека Македонија учествувала со речиси 60% од вкупното производство на вино во поранешна Југославија. Македонија го бележи врвот на лозарството во 1981 година, кога се регистрирани 38.759 хектари вкупни површини под винова лоза. Денес, виновата лоза во Македонија се одгледува на околу 24.000 хектари, од кои 70% од лозјата се засадени со винско грозје, а останатите 30% со трпезно. Двете најзначајни автохтони сорти кои се одгледуваат на нашето поднебје се Вранец (црвена) и Смедеревка (бела).

Покрај овие две, најпознати видови се Каберне совињон, Мерло и Шардоне.

Сместена во централниот дел на Балканскиот Полуостров, Македонија спаѓа во винската зона „C III b“, која опфаќа мали делови близу Медитеранскиот брег на Франција и Корзика, Јужна Италија и Шпанија, некои делови од Португалија и Кипар, како и најголем дел од Грција и Малта. Географската поставеност на нашата држава со планинските предели и плодното земјиште, каде се мешаат медитеранската и континенталната клима, при што се раѓаат и до 290 сончеви денови во текот на годината, ја прават „земјата на сонцето“ да биде идеална „мајка на виното“.

Оттаму, во Македонија постојат три големи географски региони, кои заедно обединуваат 16 вински окрузи. Доколку тргнете по „винскиот пат“, неизбежно ќе се сретнете со овие бескрајни пејзажи кои се простираат во недоглед. Таков е и „Тиквешкиот вински пат“ кој Советот на Европа неодамна го прогласи како еден од најдобрите вински патишта во Европа, за што беше и награден со Сертификат за најдобра пракса во културниот туризам и одржлив развој за 2018 година. И покрај тоа што во нашата земја постојат околу 85 регистрирани винарии, Македонија сé уште располага со огромни пространства на неискористена обработлива земја и идеална клима за одгледување на грозје.

Навистина, винскиот туризам не опфаќа големи капацитети, но од друга страна нуди ретка можност да ја доживеете мистичната атмосфера на винските подруми и енотеките. Затоа, трагачите по нови искуства знаат дека најдобро ќе се запознат со културата на еден народ, единствено ако ја почувствуваат гостопримливоста на своите домаќини и преку сетилата ги доживеат богатите вкусови и ароми кои ги дало тоа поднебје.

ЧЕВЛАРСТВОТО - ПОЛОВИНА ВЕК СЕМЕЕН ЗАНАЕТ

Автор: **Благојче Атанасоски**

Често пати читаме дека под налетот на глобализацијата, занаетчиските работилници, низ чаршиите во Македонија одумираат. Едноставно, модерното доба, го зема данокот на занаетите, и многу мали семејни бизниси пропаднале.

Негација на оваа тенденција е токму ***Сеад Бајровиќ,*** кој го наследил семејниот чевларски занает од своите предци, односно од дедо му, и татко му. Скоро половина век, семејниот бизнис на семејството Бајровиќ, опстојува и функционира на територијата на Општина Карпош. Сеад веќе цели дваесет години работи во населбата Тафталиџе, веднаш до самото зелено пазарче.

- Јас од мал, работам и ги учам тајните на чевларскиот занает. Едноставно, како генерациско наследство на бизнисот, сум се зафатил со оваа работа, и денес ми претставува моја професија, но и моја егзистенција. Се разбира, доколку имате љубов и желба за оваа работа, ќе продолжите да ја работите, дококлу не, тогаш и семејната традиција ќе прекине. Кај нас таа продолжи, вели Сеад.

Освен што е чевлар, односно поправа чевли, во неговиот дуќан и се продаваат дамски и машки чевли, што значи бизнисот е успешен спој на продажба и поправка на чевли, на трговија и занаетчиство.

- Овие две децении, созревајќи, сум го научил и еснафлукот, што се вели во бизнисот. Освен добар мајстор, треба да бидете и добар трговец, т.е да создадете амбиент на меѓусебна доверба со вашите муштерии, за да ги стекнете како редовни, традиционални муштерии, односно, „од нив да живеете“. Начинот на кој функционирам, ми создаде исклучително близок однос со некои муштерии, кои ми станале и пријатели во понатамошниот период, нагласува Бајровиќ.

Сопственикот на чевларската работилница и дуќан ***„Универзал“*** е и претседател на чевларската секција при занаетчиската комора „Скопје“, како и член на Управниот одбор на Комората.

- На тој начин, ги застапуваме интересите на сите занаетчии, но и конкретно на чевларите. Бидејќи, верувајте, дека во ова модерно време, од година на година, многу занаети изумираат, го губат својот сјај, и се на работ на преживувањето. Голем дел и не можеа да ги издржат трошоците, и поради малата заработка, едноставно ги затвориј своите занаетчиски работилници, и прекинаа со своите семејни традиции. Ние се бориме, и вредно работиме, да го чуваме факелот на занаетчиството во срцето на Карпош, една од најурбаните општини во главниот град, вели Бајровиќ

И навистина, старата скопска чаршија е познатото свртилиште во нашето Скопје, за многу занаетчиски работилници. Вистинска реткост е опстојувањето на занаетчиии од различни бранши во другите делови на градот. Дедото и таткото, но и Сеад, се доказ дека со многу работа, трудољубивост, трпеливост и истрајност, може да се одолееe на времето и да се опстои во секое „време-невреме“, за секој мал семеен бизнис, особено ако е семеен занает, пренесен генерациски, од колено на колено.

Димитрија Аранѓеловски
Што се случи со најавуваниот парк покрај Вардар до новите згради на Елена Лука? Тревите повторно израснаа, доколку не се реагира навремено за брзо повторно тој дел ќе се претвори во депонија.

Like · Reply · 8 h

Author
Stefan Bogoev
Здраво **Димитрија Аранѓеловски**. Во завршна фаза е подготовката на проектот, по што ќе почнаат активностите. Теренот е исчистен и израмнет, но Градот го подготвува проектот за изгледот на паркот. Поздрав и секое добро.

Aleksandra Kureta
Дворот на Вера Циривири Трена е најзапостсвен од сите, во очајна состојба е, ниту клупи ниту уреден со зеленило ниту осветлен.

Like · Reply · 18 h · 1

Author
Stefan Bogoev
Aleksandra Kureta Планираме и таму да се уреди, а периодов ќе се засадат ореви и во „В.Ц.Трена".

Dragan Jovanovski
Pocituvan gradonacalnik..ima li vistina vo toa deka se plateni 3.5 miliona evra za komunalii za zgrada 17 ili 20 katnica na mestoto na kino Vlae..sega kafule..expresno napraveno i otvoreno...?

Like · Reply · 1 d

Author
Stefan Bogoev
Dragan Jovanovski Таму спречивме да има нова зграда. Нема да има зграда и не се платени комуналии.

Emilija Djurkovic
Gradonacalnice,koga ste veke vo ovoj kraj dali ste vie pravata adresa na koja treba da se obratime za dodtni kontejneri na novata servisna ulica shto ja sece Prashka,potocno pred noviot Ramstore! Ogromni zgradi se izgradija,a samo tri kontejnera i ima i golem smet!

Like · Reply · 3 d · 1

Author
Stefan Bogoev
Здраво **Emilija Djurkovic**. Јас испратив допис до Град Скопје и јавните претпријатија, каде што побарав да се постават контејнери и на „Прашка". Се надевам дека и вие како засегнати граѓани се имате обратено до ЈП „Комунална хигиена" Скопје.

Gordana Mijalkovska
Na Nikola Parapunov kade sto se pravi velosipetska pateka vo momentov,sto ke bide so parkingot?
Dali ostanatiot del ke se koristi za parking?
G-dine Stefan Bogoev

Like · Reply · 1 d

Author
Stefan Bogoev
Gordana Mijalkovska Да, ќе има и дел за паркинг, како и дел за велодипеди и пешаци.

Игор Јанковски
Sigurno ste najdobar gradonacalnik ,Karposani treba da bidat gordi na vas Stefan,poz golem

Like · Reply · 21 h

Author
Stefan Bogoev
Благодарам **Игор Јанковски**. Секое добро.

Julijana Kamceva
Kaj Okta veke mesec dena se gradi i ni tuka postavenite prasanja do vas a i baranjata info vo opstinata ne ni ovozmozija da doznaeme sto niknuva tamu i kolkava "zgradicka" ke bide.🤔 Moze info za ova?

Like · Reply · 2 d

Author
Stefan Bogoev
Julijana Kamceva Не станува збор за станбена зграда позади ОКТА туку деловен простор, предвиден од претходно. Поздрав.

Lidija Temelkovska
Ve molam da objasnite kako se dozvoluva nova havarija vo Taftalidze so predvideni P+9 na mestoto na izgorenite baraki so tolku golema katnost i povrsina.

Nikola Georgievski
Честитки градоначалник ,да Ви се множат годините на Општината во успешна реализација на плановите за подобар живот на граѓаните на Општина Карпош а со тое и на градот Скопје.

Slavica Jankoska
Честитки по повод денот на Општина Карпош и заложбата на Граданачалникот Богоев за обнова која ја работи со голем елан.

Author
Stefan Bogoev
Lidija Temelkovska Не е точно. Таму бришеме маркици за згради и на местото на изгорените бараки се предвидува дел за образовна установа.

Like · Reply · 2 d

Author
Stefan Bogoev
Lidija Temelkovska 2 згради избришавме од државно земјиште и ги пренаменивме за зелени површини.

Like · Reply · 2 d

Author
Stefan Bogoev
Lidija Temelkovska Да, по барање на УКИМ. Таму се предвидени повеќе образовни установи, но не значи дека ќе бидат со 9 спрата. А, може да се види дека избришавме и две А2 маркици и истите се пренаменети во Д1 - зеленило.

Vlado Danilov
Кога веќе бевте таму се надевам дека се уверивте дека Лондонска освен пешачките нема ниедна друга линија, за што ви предочив пред 2-3 месеца.... А така е веќе повеќе од две години

Like · Reply · 4 d · 1

Author
Stefan Bogoev
Здраво Владо. Да, и во повеќе наврати сум посочил до Градот Скопје и ЈП „Улици и патишта", за да завршат со сигнализацијата. Затоа што они се задолжени за оваа улициа. Поздрав.

Д-р Снежана Андревска
Специјалист офталмолог во специјална очна болница Деница

КАТАРАКТА – ВОДЕЧКА ПРИЧИНА ЗА ГУБЕЊЕ НА ВИДОТ

Катарактата претставува заматување на природната леќа на окото (lens crystalina).

Леќата е дел од окото сместена меѓу шареницата и стаклесто тело, и претставува дел од оптичкиот систем на окото. Таа е одговорна за прекршување на светлосните зраци со цел истите да бидат фокусирани кон точката за јасен вид на мрежницата. Исто така, таа е одговорна и за процесот на акомодација кој ни овозможува јасен вид на близина. За да ја обезбеди својата функција, леќата треба да биде целосно прозирна т.е. без заматувања на нејзините делови. Секое вродено или стекнато заматување на било која структура на леќата, без разлика дали и колку го компромитира видот, се нарекува катаракта.

Постојат повеќе поделби на катаракта, но основна е онаа која ги дели катрактите на стекнати или секундарни катаракти и конгинитални или вродени катаракти. Во групата на секундарни т.е. стекнати катаракти најголем процент припаѓа на:

1. Старечката катаракта позната во народот како старечко перде (cataracta senilis);

2. Трауматската катаракта (cataracta traumatica) настаната при перфоративни и контузиони повреди на очното јаболко. Кај овие повреди често доаѓа и до раскинување на зонуларниот апарат на леќата, што ја прави нестабилна, а често и изместена (subluxatio i luxatio lentus);

3. Катаракта предизвикана од употреба на одредени лекови (стероиди, препарати на злато, алопуринол, амиодарон итн.)

4. Компликувана катаракта која се јавува како резултат на други заболувања на окото (хроничен преден увеит, акутен глауком со затворен агол, дијабет, висока кратковидност и наследни дистрофии на фундусот).

Конгенитална вродена катаракта (cataracta congenitalis) се јавува кај три од десет илјади новороденчиња и 2/3 од нив се билатерални. Најчести причини за нејзино јавување се генетска мутација, хромозомски абнормалности (Sy Down), метаболни нарушувања и интраутерини инфекции (rubeola).

Постои поделба на катарактите и по степенот на нивната зрелост: почетна (cataracta incipiens), во фаза на бубрење (cataracta intumiscens), зрела катаракта (cataracta matura) и презреана (cataracta hypermatura). Според зафатеноста на деловите од леќата можат да бидат капсуларни, субкапсуларни. кортикални, нуклеарни, но најчесто се комбинирани.

Катарактите можат да се поделат и според нивниот изглед: поларна (cataracta polaris), ѕвездеста (cataracta stelata), точкаста (cataracta punktata) и.т.н.

Без разлика на овие поделби, појавата на катаракта во зависност од степенот на болеста во различна мера го намалува квалитетот на животот. Почетната катаракта доведува до замаглување на видот кое пациентот речиси и не го забележува. Позрелата катаракта значајно ја намалува видната острина, а потполно заматување води кон губиток на видната функција.

Симптомите се најчесто нејасен вид, потешкотии при ноќно возење, заблеснување поради дисперзија на светлосните зраци, промена на перцепција на боите, честа промена на диоптријата, појава на дупли слики итн. Сепак најважни симптоми се намалена видна острина, замаглен и нејасен вид и при појава на истите пациентот треба да побара стручна помош кај специјалист офталмолог.

Катарактата е заболување кое лесно се дијагностицира најнапред со анализа на симптомите предочени од пациентот, потоа одредување на видната острина, рефрактометрија и биомикроскопско одредување на јачината на интраокуларната леќа со која ќе биде заменета природната леќа.

Единствен начин на лекување на катарактата е хируршко лекување. Не постојат капки или други конзервативни терапии кои го лекуваат пердето.

Оперативниот зафат подразбира отстранување на заматената леќа најчесто со ултразвучна метода т.н PHACO-emulzificatio и вградување на вештачка леќа (IOL) на местото на природната.

Моментот на операцијата е доста индивидуален и зависи од самиот пациент и неговите потреби. Сигурно е дека не треба да се чека пердето да созрее, а уште помалку да презрее и сосема да ја намали или уништи видната функција. Во такви случаи, тешко се одредува диоптријата на интраокуларната леќа, но исто така и компликациите кои можат да се појават, се многу почести кај пациенти со напреднати и презреани катаракти.

Оперативниот зафат (PHACO- emulzificatio et implantation IOL) се врши во дневна болница во специјализирана операциона сала под стерилни услови и трае дваесетина минути.

Најнапред се врши проширување на зеницата и потоа се оперира во локална анестезија т.н. анестезија со капки, при што за време на оперативниот процес пациентот е буден, комуницира со хирургот, слуша се што се случува, но не чувствува болка. Значи, операцијата на катаракта е потполно безболна. Се изведува со микро резови низ кои се внесуваат инструментите со кои се разбива и усисува природната заматена леќа и потоа низ истите се имплантира вештачката леќа. Нема употреба на конци т.е правење шавови, бидејќи брзо се регенерираат направените резови. По оперативниот зафат пациентот заминува во домашни услови со препорака за потребната постоперативна терапија која трае околу еден месец, а бенефитот од извршената операција ја чувствува веднаш по завршување на истата.

Не дозволувајте катарактата да ви го нарушува живеењето. Решението е едноставно. Побарајте помош од стручно лице.

Урбани заедници

Карпош 1
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Мирче Блажевски
02 | 30.68.754 и 078 | 48.69.29
m: karpos1@karpos.gov.mk
A: ул. Иван Аговски бр.2

Карпош 2
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Лидија Цацановска
02 | 30.71.246 и 078 | 48.69.55
m: karpos2@karpos.gov.mk
m: lidija.cacanovsa@karpos.gov.mk
A: ул. Бранислав Нишиќ бр.4

Карпош 3
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Весна Мирковска
078 | 48.60.59
m: karpos3@karpos.gov.mk
m: vesna.mirkovska@karpos.gov.mk
A: ул. Радика бр.9

УЗ Карпош 4
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Огњан Лазаров
072 | 27.91.83
m: karpos4@karpos.gov.mk
A: ул.Љубљанска бр.6

Тафталиџе 1
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Вера Пенова
072 | 20.96.85
m: taftalidze1@karpos.gov.mk
A: ул.Букурешка бр. 2

Тафталиџе 2
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Маја Петковска
078 | 48.69.19
m: taftalidze2@karpos.gov.mk
Одговорно лице:
Горан Велковски
078 | 48.69.28
A: ул.Копенхагенска бр.5
(простории на ЗЕЛС – сутерен)

Влае 1
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Ненад Зафировски
072 | 26.80.53 и 02 | 30.93.174
m: vlae1@karpos.gov.mk
m: nenad.zafirovski@karpos.gov.mk
A: ул. Фјодор Достоевски бр.2

Влае 2
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Витка Ацевска
070 | 72.50.82
Одговорно лице:
Жарко Јосифовски
072 | 26.80.56
m: vlae2@karpos.gov.mk
A: ул. Сливовска бр. 1

Нерези
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Сеад Мехмети
078 | 48.76.23
Одговорно лице:
Весна Антеска
078 | 48.69.22
m: nerezi@karpos.gov.mk
A: ул.Ванчо Мицков бр. 19

Владо Тасевски
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Елена Ѓурчилова
078 | 48.69.27
m: vladotasevski@karpos.gov.mk
A: ул. Алжирска б.б.

Кузман Јосифовски Питу
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Велика Стојановска
078 | 48.69.53
Одговорно лице:
Наташа Геровска
077 | 57.06.87
m: kjpitu@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр. 7

Пецо Божиновски Кочо
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Мирјана Милошевска
070 | 33.82.74
Одговорно лице:
Данче Стевиќ
078 | 22.62.96
m: pecobozinovski@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр. 7

Злокуќани
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Гаши Садри
078 | 48.69.23
Одговорно лице:
Васко Крстевски
077 | 80.76.16
m: zlokukjani@karpos.gov.mk
A: ул. Скупи бб.

Бардовци
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Маја Петковска
078 | 48.69.19
m: bardovci@karpos.gov.mk
A: с.Бардовци

Одделение за месна самоуправа
Раководител:
Миле Стевков
070 | 23.57.90 и 02 | 30.79.559
m: mile.stevkov@karpos.gov.mk

Кабинет:	02 | 30.55.901 02 | 30.55.902
Претседател на Советот на Општина Карпош:	02 | 30.55.913
Секретар на Општина Карпош:	02 | 30.55.918
Сектор за правниработи:	02 | 30.55.900
Сектор за дејности од јавен интерес:	02 | 30.55.939
Сектор за односи со јавност:	02 | 30.55.920
Сектор за развој на општината:	02 | 30.68.151
Сектор инспекторат:	02 | 30.55.931
Сектор за финансиски прашања:	02 | 30.55.923
Архива:	02 | 30.55.954
Сектор за урбанизам:	02 | 30.55.900
Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи:	072 | 21.43.54
Сектор за екологија и енергетска ефикасност:	02 | 3076 035
Одделение за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци:	02 | 3055 942
Одделение за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра:	02 | 3067 055

gradonacalnik@karpos.gov.mk
sekretar@karpos.gov.mk
kontakt@karpos.gov.mk

www.karpos.gov.mk

Поважни телефони

Полиција	192
Противпожарна бригада	193
Брза помош	194
Управување со кризи	195
АМСМ - помош на патишта	196
АМСМ - информативен центар	155 55
Авто помош на пат (24 ч.)	9159
Царина	197
Матична служба - ГУВР	3117 037
Сала за венчање	3118 250

ПТТ услуги

Будење	180
Точно време	185
Информации	988
Воена полиција	3227 700
Пазарен инспекторат	975
Водовод и канализација - дежурна служба	3073 010
Комунална хигиена - дежурен диспечер	3224 961
Оџаци - оџачарски услуги	2440 293

Сообраќај

Меѓуградска автобуска станица	2466 313
Македонија сообраќај	2402 388
Железничка станица	3234 255
Аеродром Скопје	3148 333

Дежурни аптеки

Зегин (МНТ-подрум)	3117 614
Реплек - аптека бр.4	3130 170

Здравствени објекти

Клиничка болница	3147 147
Градска општа болница	3235 000
Болница 8 Септември	3087 400
Детска болница - Козле	3085 761
Неуромедика	3130 000
Клиника "Мајчин дом"	3147 004
Стоматолошки клинички центар	3299 000
Гинеколошко - акушерска клиника	3147 147
Гинекологија и акушерство - Чаир	2611 033
Аџибадем Систина	3099 500
Клиника Жан Митрев	3091 500

Дежурни поликлиники

Букурешт	3064 088
Идадија	3113 033
Ѓорче Петров	2031 022
Јане Сандански	2463 277
Чаир	2795 112
Драчево	2611 506
Шуто Оризари	2651 696
Ченто	2522 351
Бит-Пазар	3134 534
Неуромедика	3133 313

e-mail
kontakt@karpos.gov.mk

Facebook
Општина Карпош

Twitter
@OpstinaKarpos

Instagram
@opstinakarpos